РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1401/5
29-10-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-1401/1 од 15.04.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека нема прекршување на забраните во изборниот процес претседателски и парламентарни избори 2024 година од страна на ///, уредени во чл. 34 ст. 1 ал. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1401/1 од 15.04.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1401/1 од 15.04.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител, по електронски пат. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за прекршување на забраните во изборниот процес претседателски и парламентарни избори 2024 година од страна на ///. Според наводите од пријавата /// ги прекршил забраните утврдени во чл. 34 ст. 1 ал. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (чл. 8-а ст. 1 ал. 1 од Изборниот Законик), од причина што на /// година донел Одлука за /// и за ///, објавени на /// година во ///.

Со цел испитување на наводите, ДКСК по службена должност го обезбеди и изведе изданието бр. /// од /// и изврши увид во наведената одлука на ///, по што се обрати до /// со барање за достава на податоци, информации и документација

за предметниот случај. /// ги обезбеди сите побарани податоци, информации и документација од страна на ЈП ///, кои беа доставени од страна на ова ЈП до ДКСК.

Откако ДКСК оцени дека располага со доволно докази, пристапи кон утврдување на состојбите за овој конкретен случај, па по оцена на секој доказ одделно и сите докази заедно и извршената единечна и вкрстена анализа на фактите што произлегоа од доставената документација, го утврди следното:

Управниот одбор на /// на својата ///-та седница донел Одлука бр. /// од /// година за усвојување и дополнување на финансиската план програма за ова ЈП за /// година.

Со увидот во Одлуката за /// за /// година бр. /// од /// година се утврди дека измените и дополнувањата се однесуваат во делот /// на планираните приходи во износ од /// денари и во делот /// на планираните трошоци за /// во износ од /// денари. Вкупната проценета вредност за планираните реконструкции е утврдена на износ од /// денари од кои /// денари за /// година, /// денари за /// година и /// денари за /// година.

Финансиската план програма за /// година на ///, заведена под бр. /// од /// година е усвоена од /// на својата ///-та седница, со Одлука за усвојување бр. /// од /// година. Согласност е дадена од /// со Одлука бр. /// од /// година. Со увидот во оваа финансиска план програма, се утврди дека делот /// за планираните приходи содржи износ во висина од /// денари по основ на приходи од /// и во делот /// за планираните трошоци за изградба и реконструкција на /// содржи износ во висина од /// денари.

Одлуката за спроведување на јавна набавка е донесена на /// година, со проценета вредност од /// денари, при што во образложението на оваа одлука, стои дека набавката ќе трае /// години, при што за /// година се планирани /// денари, за /// година се планирани /// денари и за /// година се планирани /// денари.

Огласот за јавната набавка е заведен под бр. /// и е објавен на /// година.

Од /// спроведена е /// за што е составен записник бр. /// од /// година, при што констатирани се одредени состојби, кои се надминати врз основа на /// за

записник од /// бр. /// од /// година, издадено од ///. Ова /// било прифатено од ///, по што бил составена /// на /// од извршена /// бр. /// од /// година, во кој е наведено дека не се констатирани неправилности при спроведувањето на јавната набавка по огласот со бр. /// од /// година.

Спроведена била отворена постапка и склучен Договор за јавна набавка бр. /// од /// година, со /// во износ од /// денари со вклучен ДДВ, во траење од /// години. Во име и за сметка на овој економски оператор, на /// година, издадена е банкарска гаранција бр. /// година од /// во износ од /// денари.

На оваа постапка, претходно, ///, ја донел Одлуката за /// и за /// реализација на /// заведена под бр. /// од /// година и објавена во ///, а ова врз основа на Решение за // и за давање /// на ///, донесено од ///, заведено под бр. /// од /// година и објавено во истото издание на ///.

Тоа се состојбите што произлегоа од обезбедените и изведени докази. На вака утврдените состојби ДКСК одлучи како во диспозитивот поради следните причини:

Согласно со чл. 34 ст. 1 ал. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: *“Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може: да започне изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата, како патишта, водоводи, далноводи, канализација и други објекти или на објекти за општествени дејности - училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година”.*

Во конкретниот случај се работи за реализација на програма за која биле обезбедени средства во /// година и во /// година. Имено, не станува збор за нова реализација на набавки, со цел започнување со изградба за инфраструктурни

објекти, туку за реализација на долгорочен проект за кој биле обезбедени средства во програмата на ///.

Од овие причини, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување, постапката за овој конкретен случај ја запре и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: Т. Д., претседател